**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-805/2**
**28.03.2025 г.**
**Делчево**

**ЗАПИСНИК**
**Од одржаната Вонредна седница на Советот**
**на Општина Делчево**

Вонредната седница се одржа на 28.03.2025 г. во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 15,00ч.
На Седницата присуствуваа 14 членови на Советот.
Отсутен беше советникот Иван Гоцевски.
На Седницата присуствуваа претставници од МВР-ОВР Делчево, Центар за кризи-Делчево, ДЗС-Делчево, градежен инспектор на Општина Делчево, како и поднесувачот на Барањето, Крил Величковски.
Вонредната седница ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов .

За Вонредната седница, претседателот Попов го предложи следниот

Дневен ред

1. **Разгледување на Барањето бр. 09-795/1 од 27.03.2025 од Кирил Величковски од Делчево.**

Претседателот ги информира советниците дека согласно со членовите 26 и 27, Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и сл.) и при посета на делегации оддруга земја кога таа сака да се обрати на членовите на Советот. Согласно со член 27, Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена инцијатива или по барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на Градоначалникот. Поканата за седница со предложениот дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин. Пред отпочнување со работа, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седницата без материјална расправа и без измена на дневниот ред.

Пред да се гласа за оправданоста за свикување на Вонредната седница, претседателот го презентираше Барањето бр 09-795/1 од 27.032025 г од Кирил Величковски од Делчево доставено до претседателот на Советот на Општина Делчево, советниците и до градоначалникот. Во Барањето се бара одржување итна седница на Советот поради итно преземање мерки за отстранување на алиминиумските парчиња од кровната конструкција на станбената зграда Делчевчанка К-1 во Делчево на бул „Македонија“ поради тоа што претставува општа опасност по животот и здравјето на граѓаните на Општина Делчево. Се работи за општа опасност предизвикана од виша сила, во овој случај, силен ветер и постои опасност по животот на граѓаните. Во Барањето се бара веднаш обезбедување на просторот околу зградата за да не се предизвикаат несакани последици, отстранување на парчињата од алуминиум од стреата на кровната конструкција за отстранување на потенцијалната опасност и

се предлага да се формира кризен штаб за ангажирање на институциите на системот на општинско и државно ниво, стои меѓудругото во Барањето.

Претседателот ги повика советници да се изјаснат за оправданоста на причините за свикување на Седницата.

Со 14 гласа ЗА е изгласана оправданоста на причините за свикување Вонредна седница.

Претседателот информираше дека утрово е направен состанок со стручните служби во Општината и е донесен предлог-заклучок по кој ќе се отвори расправа. Заклучокот го презентираше пред присутите:

1. Се препорачува на сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“ -комплекс „Делчевчанка“, да донесат одлука со која ќе формираат заедницата на сопственици на станари или ќе определат лиценциран управител кој ќе ги води работите на управување.

2. Се препорачува на сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“- комплекс „Делчевчанка“, да постапат согласно со одредбите од *Правилник за начинот и постапката за означување на објектот, поставување заштитна ограда*, видот на ознаките и отстранување на објектот („Сл.весник на РМ“ бр. 35/11) и тоа:

   - просторот околу објектот или делот од објектот за кој постои опасност од уривање да го оградат со заштитна нетранспарентна ограда која се состои од бетонски и лимени панели;
   - заштитната ограда да биде поставена на соодветно растојание од објектот имајќи ја предвид висината на објектот за кој постои опасност од уривање, како и теренските услови, а може да е подигната најмногу 5 сантиметри од нивото на теренот и треба да има висина од најмалку 2 метри;
   - на сите страни од оградата да се стават ознаки со должина од најмалку 1 метар и висина од најмалку 80 сантиметри, со предупредување дека се работи за објект за кој постои опасност од уривање;
   - ознаките да бидат со жолта основа, а предупредувањето со црвени букви;
   - при отстранување на објектот или дел од објектот, шутот веднаш се отстранува од лице место и се транспортира на локација определена за депонирање градежен шут согласно со закон, со преземање соодветни безбедносни мерки.

3. Се препорачува сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“ - комплекс „Делчевчанка“ да изготват Проект за санација и реконструкција на кров со цел да се издаде одобрение од надлежниот орган и да се ангажира правно лице кое ќе ги изведе градежните работи за санација и реконструкција на кровната конструкција на зградата.

4. Се препорачува сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“- комплекс „Делчевчанка“, да ги обезбедат пристапните влезови и излези со заштитно скеле;

5. Се задолжува градежниот инспектор при Општина Делчево да излезе на терен и да постапи согласно со законските обврски и согласно со *Правилникот за начинот и*

*постапката за означување на објектот, поставување заштитна ограда*, видот на ознаките и отстранување на објектот („Сл.весник на РМ“ бр.35/11);

6. Доколку сопствениците на посебните делови не можат да донесат одлука во однос на работите за управување со зградата, а станува збор за нужна работа (одржувањето, поправките и инвестициското одржување на заедничките делови на зградата), како што е во конкретниот случај, се известуваат сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „М Македонија“- комплекс „Делчевчанка“, дека можат да постапат согласно со член 13 став 1 од Законот за домување, на начин што секој сопственик може да поднесе предлог до Судот во вонпарнична постапка за донесување одлука која го заменува договорот за заемни односи.

7. Се препорачува на МВР -Сектор за внатрешни работи Штип- ОВР Делчево, Дирекција за заштита и спасување-Одделение Делчево и Центар за управување со кризи-Одделение Делчево, да излезат на терен и да проценат дали постои општа опасност согласно со закон.

8. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

9. Овој Заклучок да се достави до МВР -Сектор за внатрешни работи Штип- ОВР Делчево, Дирекција за заштита и спасување-Одделение Делчево и Центар за управување со кризи-Одделение Делчево.

Потоа претседателот Попов отвори расправа.

За збор се јави подносителот на Барањето, Кирил Величковски кој потенцираше дека мора да се расчисти за прашањето кој е надлежен да ја постави оградата и во врска со кој смее тоа да го направи. Значи, земјиштето се однесува за земјиште под зградата, а земјиштето надвор од зградата парцела бр. 6703/1 е сопственост на РСМ. Тоа значи дека паркингот над зградата и паркингот под зградата целиот деловен простор и просторот меѓу двете згради „Делчевчанка“ и „Бродот“ е сопственост на РСМ. Станарите не смеат да го нарушат владението на просторот. Надлежноста за сопственоста за обезбедување на просторот околу зградата е на РСМ. Тоа мора да се расчисти. Никој од станарите не смее да дира, оти е сопственост на РСМ. И вие не можете да донесете Заклучок со кој ќе ги задолжите станарите да нарушуваат владение и препораката треба да се однесуваат кон институциите на системот.

Попов одговори дека ние не ги задолжуваме, туку препорачуваме да се преземат мерки, ние сме ги навеле сите институции кои сметаме дека се надлежни.

Величковски таму имате заклучок во кој барате од станарите да поставуваат ограда. Првиот кој ќе го направи тој чекор, има пораво РСМ против него да поднесе тужба за нарушено владение. Постои општа опасност и треба да се реши, но институциите на системот не треба да бегаат од одговорноста. Ако немаме можност некоја локална институција да го реши како прашање, тогаш треба да се обратат према РСМ и да го решат и да кажат конкретно што треба да се направи. Исто така, за самата санација и за да се отстрани општата опасност, треба да излезат надлежни инспектори кои со стручни лица од областа на градежништво, треба да утврдат што треба да се направи за да се отстрани општата опасност, да се изготви нормативен акт во кој ќе се наведат сите активности што треба да ги преземе овластена фирма. Без

нормативен акт во кој точно ќе се знае што треба да се направи, граѓаните не смеат ништо да дираат. Тие делови мора да ги решиме. Итноста и обезбедувањето на просторот е во надлежност на институциите на системот, сите мерки што треба да се преземат се на земјиште на РСМ.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека во точка 4 стои дека сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија"- комплекс „Делчевчанка", да ги обезбедат пристапните влезови и излези со заштитно скеле;

Попов рече дека во Заклучокот е задолжен и градежниот инспектор и други инспектори кои треба да направи увид и ќе постапи согласно со законот и ќе констатираат каде да се постави заштитната ограда. Ние сме орган-Совет на Општина Делчево и можеме само нашите институции да ги задолжиме, на станарите им препорачуваме како да постапат.

Кире Величковски истакна дека секоја институција треба да си ги преземе мерките, да не правам споредба со случајот во Кочани. Кој е должен да прави ограда? И сето тоа треба да го направи стручно лице и да напише нормативен акт. Во кој ќе каже што треба да направат станарите, за да немаме поголеми последици. И после да заседаваме кој е крив, а кој е прав.

Попов, се согласуваме со Вас и затоа го предлагаме овој заклучок. Да оставиме тие институции да направат проценка и да изготват соодветен правен акт. Ние како Совет одговараме на Вашето барање. Една препорака до Вас и до станарите што побрзо да се порача проектна документација за реконструкција и да се тргне со изведба и да се реши проблемот. Проблемот е распаѓање на кровот, а сѐ друго е последица. Сите институции треба да реагираат како последица на лошиот кров на станбената зграда. Да ја отстраниме опасноста што побрзо, ако оставиме така да е и наредната година, со сигурност ќе настане проблем. Една година веќе разговараме.

По ова расправата заврши и бидејќи никој друг не побара збор, точката беше ставена на гласање.

**Заклучокот е донесен со 14 гласа ЗА.**

Со исцрпување на Дневниот ред, Вонредната седница беше завршена.

Седницата заврши во 15,30 мин.

**Записничар** — **Совет на Општина Делчево**
**Даниела Такева** — **Претседател**
**Гоце Попов**